# СУПЕРФЛУИД

*Суперпластификатор за бетон и малтер*
*Одговара на: EN 934-2:T3.1 и T3.2*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Подготовка на бетони со високи почетни и крајни јакосни карактеристики.
Подготовка на разливни бетони со висока класа на конзистенција
Подготовка на бетони со значително намален W/C - фактор,
Бетонирање на густо армирани пресеци,
Подготовка на пумпани бетони, бетони со висок степен на водонепропусност и отпорност на атмосферски и други влијанија и агресии
Подготовка на смеси за инјектирање

## СВОЈСТВА

- Овозможува редукција на вода до 20%;
- Овозможува постигнување на високи почетни и крајни јакости на бетонот;
- Ја подобрува обработливоста на бетонот без дополнително додавање на вода;
- Го олеснува вградувањето и ја подобрува компактноста на бетонот;
- Ја зголемува водонепропусноста на бетонот;
- Ги подобрува физичко-механичките карактеристики на бетонот;

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | Кафена течност |
| Волуменска маса (на 20˚C) | ISO 758 | (1.18±0.03) g/cm$^3$ |
| Содржина на хлориди | EN 480-10 | ≤0,1% |
| Содржина на алкалии | EN 480-12 | ≤6,5% |
| pH вредност (на 20˚C) | ISO 4316 | 7,0±1,0 |

## ДОЗИРАЊЕ И ПЕРФОРМАНСИ:

Оптималното дозирање на СУПЕРФЛУИД се движи од 0,6 до 1,5% во однос на количеството на цемент во бетонската мешавина. Во исклучителни случаи, каде се бара постигнување на екстремни јакосни карактеристики на бетонот, дозирањето на СУПЕРФЛУИД може да се движи до 2% од масата на цементот. При вакво дозирање се постигнува редукција на вода и над 20% (Дијаграм1). Притоа, соодветно се постигнува покачување на раните и крајните јакосни карактеристики на бетонот.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р.Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk




*Дијаграм 1*

Оптималното дозирање на СУПЕРФЛУИД најдобро се одредува со претходни лабораториски или индустриски испитувања.
Во услови на високи амбиентални температури, или во случај кога производството, транспортот и вградувањето на бетонот трае подолго од 60 минути, во бетонската мешавина наместо СУПЕРФЛУИД, препорачливо е да се користи СУПЕРФЛУИД М1, или дополнително да се дозира адитив за успорување на врзувањето на бетонот УСПОРУВАЧ Д2.
Дозирањето на адитивите се врши рачно или автоматски во текот на производството на бетонот. Најдобар ефект се постигнува кога СУПЕРФЛУИД се додава заедно со последните 20-30% од потребната вода во бетонот, во претходно измешани агрегат, цемент и 80% од вода во бетонот. Препорачано времетраење на мешањето на свежиот бетон со додаток на СУПЕРФЛУИД е најмалку 90 секунди.
**Ефекти од предозирање**: Превисоко дозирање на СУПЕРФЛУИД може да предизвика сегрегација на бетонот, а потоа и нагло губење на обработливоста и почеток на врзување на бетонот.

## КОМПАТИБИЛНОСТ

СУПЕРФЛУИД е компатибилен со сите адитиви од програмата на АДИНГ, освен со адитивите на поликарбоксилатна основа. Доколку во бетонската мешавина се користат два или повеќе адитиви потребно е да се направат претходни проби. Различните адитиви се дозираат посебно односно не се мешаат меѓусебно пред уфрлувањето во бетонската мешавина. СУПЕРФЛУИД е употреблив со сите типови на портланд цемент вклучувајќи ги и сулфатно отпорните цементи.

## ПАКУВАЊЕ

Пластични канти: 5 и 24 kg
Буриња: 240 kg
Контејнери: 1200 kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинално пакување на температура од 5°C до 35°C. Рок на употреба 12 месеци.




АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р.Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE
2032

АДИНГ АД Скопје,
Новоселски пат (улица 1409) бр.11
1060 Скопје, Северна Македонија
08

GABA001/6

EN 934-2:2009+A1:2012

**СУПЕРФЛУИД**

Адитив за бетон, суперпластификатор

EN 934-2:T3.1&T3.2

| | |
|---|---|
| Содржина на хлор јони | **≤ 0,1% по маса** |
| Содржина на алкалии | **≤ 6,5% по маса** |
| Корозивно делување | **Содржи компоненти само од EN 934-1:2008, Анекс А.1** |



Опасност по здравјето: Суперфлуид не содржи токсични материи, но и покрај тоа потребно да се внимава материјалот да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Во случај на контакт со кожа или со очите, потребно е веднаш плакнење со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Суперфлуид е незапалива течност. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Суперфлуид се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.